УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ

# Природни ресурси и технологии
# Natural resources and technology

## ноември 2012
## november 2012

ГОДИНА 6 VOLUME VI
БРОЈ 6 NO 6

UNIVERSITY “GOCE DELCEV” – STIP
FACULTY OF NATURAL AND TECHNICAL SCIENCES

# ПРИРОДНИ РЕСУРСИ И ТЕХНОЛОГИИ
# NATURAL RESOURCES AND TECHNOLOGY

**За издавачот:**
Проф. д-р Зоран Панов

| Издавачки совет | Editorial board |
|---|---|
| Проф. д-р Саша Митрев | Prof. Saša Mitrev, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Панов | Prof. Zoran Panov, Ph.D |
| Проф. д-р Борис Крстев | Prof. Boris Krstev, Ph.D |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| Проф. д-р Благој Голомеов | Prof. Blagoj Golomeov, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Десподов | Prof. Zoran Despodov, Ph.D |
| Доц. д-р Дејан Мираковски | Ass. Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D |
| Проф. д-р Кимет Фетаху | Prof. Kimet Fetahu, Ph.D |
| Проф. д-р Ѓорѓи Радулов | Prof. Gorgi Radulov, Ph.D |

| Редакциски одбор | Editorial staff |
|---|---|
| Проф. д-р Зоран Панов | Prof. Zoran Panov, Ph.D |
| Проф. д-р Борис Крстев | Prof. Boris Krstev, Ph.D |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| Проф. д-р Благој Голомеов | Prof. Blagoj Golomeov, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Десподов | Prof. Zoran Despodov, Ph.D |
| Доц. д-р Дејан Мираковски | Ass. Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D |

| Главен и одговорен уредник | Managing & Editor in chief |
|---|---|
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |

| Јазично уредување | Language editor |
|---|---|
| Даница Гавриловска-Атанасовска | Danica Gavrilovska-Atanasovska |
| (македонски јазик) | (macedonian language) |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| Благој Михов | Blagoj Mihov |

| Печати | Printing |
|---|---|
| „2 Август“ - Штип | „2 Avgust“ - Stip |

| Редакција и администрација | Address of the editorial office |
|---|---|
| Универзитет „Гоце Делчев” - Штип | Goce Delcev University - Stip |
| Факултет за природни и технички науки | Faculty of Natural and Technical Sciences |
| ул. „Гоце Делчев“ 89, Штип | Goce Delcev 89, Stip |
| Р. Македонија | R. Macedonia |

Содржина

**Н. Донева, З. Десподов, М. Хаџи-Николова , С. Мијалковски**
Влијанието на структурните карактеристики на карпестиот материјал врз трошоците за изработка на хоризонтални рударски простории ........ 5

**С. Мијалковски, З. Десподов, Д. Мираковски, Д. Мијалковска**
Рационален избор на рударска откопна метода ........ 15

**Љ. Ефнушев, Б. Донева**
Стабилност на косини на површински копови ........ 25

**А. Илиева Стошиќ**
Геомеханички параметри користени при анализа на стабилноста на работните и завршните косини на ПК „’Ржаново“ ........ 35

**В. Стојанова, Г. Петров**
Применети палеонтолошки методи за одредување на геолошката старост на палеогените седименти во Р. Македонија ........ 45

**Б. Донева, Ѓ. Димов**
Карактеристики на термоминералната вода на бања „Кежовица“ ........ 53

**М. Стојановска, М. Голомеова, Б. Голомеов, А. Зенделска, А. Крстев**
Третман на рудничките дренажи од хоризонт 830 во рудник „Саса“ со симулација на анаеробно мочуриште ........ 61

**М. Хаџи-Николова, Д. Мираковски, Н. Донева**
Фреквентна анализа на бучавата ........ 69

**Ф. Иванов, А. Каранфилова-Мазневска**
Анализа на усогласеноста на македонското законодавство од областа на управување со биоразградлив отпад со законодавството на ЕУ ........ 77

**В. Сандева, К. Деспот, А. Димоска, А. Митаноска**
Анализа на композицијата и декоративна монументална скулптура во паркот „Могила” – Прилеп ........ 87

**К. Деспот, В. Сандева, И. Анастасов**
Присуството на заедничка врска помеѓу ликовниот израз и градината. Композициско решение на ботаничка градина Струмица ........ 93

**М. Ѓорѓиев, З. Десподов**
Комуникации на маркетингот со логистиката ........ 101

УДК: 712/72

Стручен труд
Professional paper

# АНАЛИЗА НА КОМПОЗИЦИЈАТА И ДЕКОРАТИВНА МОНУМЕНТАЛНА СКУЛПТУРА ВО ПАРКОТ „МОГИЛА” – ПРИЛЕП

**Васка Сандева [1], Катерина Деспот[1] , Александра Димоска[1] , Ана Митаноска[1]**

**Апстракт:** Кога станува збор за композицијата на парковите треба да се имаат предвид планот, поставеноста на паркот и колоритната организација на објектите, пред сè каде што сите компоненти – архитектура, скулптура и растителност треба да се слеани во една хармонична целина.

Декоративните монументални форми на зелените површини се претставени главно од архитектонско-скулпторски дела. Основен белег на скулптурите е нивната сложена архитектонско-скулптурна композиција.

**Клучни зборови:** *парк, композиција, животна средина, монументална скулптура*

# ANALYSIS OF THE COMPOSITION AND DECORATIVE MONUMENTAL SCULPTURE IN THE PARK “MOGILA” – PRILEP

**Vaska Sandeva[1], Katerina Despot[1], Aleksandra Dimoska[1], Ana Mitanoska[1]**

**Abstract:** When it comes to the composition of the parks should have in mind the plan, the layout of the park and colorful organization structures, especially where all components - architecture, sculpture and vegetation, to be joined in a harmonious whole.

Decorative monumental forms of green areas represented mainly by architectural sculptures. Main characteristic of the sculptures is their intricate architectural sculpture composition.

**Key words:** *park, composition, environment, monumental sculpture*

[1])Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев”, Штип
Faculty of Natural and Technical Sciences, University “Goce Delcev”, Stip

**Вовед**

Главната цел на извештајот е да се анализираат композицијата и монументалната скулптура на парк „Могила”, како од уметничка гледна точка, така и од разбирањето за синтеза меѓу скулптури и парковата животна средина.

Прилеп е град во Македонија, лоциран во северниот дел на Пелагонската Котлина, кој се наоѓа во јужниот дел на Република Македонија (слика 1).

Прилеп е познат како градот под Марковите кули, поради неговата близина до кулите на легендарниот херој Крали Марко.

**Резултати и дискусија**

На територијата на градот постои само еден градски парк т.е. парк „Могила”, кој претставува особен интерес за градот Прилеп, па и пошироко. Паркот „Могила” се наоѓа на јужната периферија на Прилеп, со површина од 7,5 ha (слика 2).

Паркот „Могила” е значителна творба на пејзажната паркова уметност создаден во Македонија во 1961 година. По своите уметнички квалитети тој не отстапува од познатите пејзажни паркови, создадени во Европа во 20 век.

Паркот претставува меморијален комплекс, изграден во1961 година во чест на загинатите борци од Народно-ослободителната борба, според проект на архитектот Богдан Богдановиќ.

Оние кои барем еднаш го имаат посетено паркот „Могила” останува-ат со незаборавен впечаток од него. Паркот „Могила” е предвиден за меморијална цел. Тој факт го одредува до извесен степен и неговиот интимно-пејзажен карактер, масивите и групи од дрва, цветните ливади, езера, патеки со форма блиска на природата.

Најголемо влијание врз композицијата на паркот имаат архитектонските елементи, концентрирани во југоисточниот дел на паркот.

Намената им е со искучително историско значење за Македонија. Композицијата на паркот е решена врз основа на темелно и сестрано истражување на територијата на паркот и нејзиното значење за градот Прилеп, при идниот развој на градот.

Паркот „Могила” е развиен не само како место за главна рекреација на населението, но и како елемент кој учествува во архитектурата на градот и неговата околина, кој ја условува блиската панорама, набљудувана од сите страни на градот Прилеп.

Уметнички изглед на паркот се должи на вегетацијата и архитектонските елементи т.е. декоративно-монументалната декорација.

Врз основа на овие дадени околности, паркот „Могила” е поделен условно на три зони:

– централна зона;
– зона за активен одмор;
– зона за пасивен одмор.

*Централна зона* условно е поделена на три дела:

1. Алеја на народните херои со бисти - каде што се поставени мермерни постаменти со бисти од десетте загинати херои.
2. Цветна алеја, патека која води до заедничка гробница-крипта, а од лева и од десната страна на патеките се засадени цвеќиња кои ја разубавуваат до криптата.
3. Меморијалниот комлекс. В *зоната за активен одмор* спаѓаат пешачките патеки, трим-патеките, спортските терени (слика 3).

В *зоната за пасивен одмор* спаѓаат водните површини, летното кино, летниковец итн. (слика 4).

Основната идеја на копозицијата во паркот е определена од патеките за движење, кои се разработени во пејзажен стил.

Декоративно-монументалната декорација на зелените површини во „Могила“ е претставена главно од скулптури и архитектонски скулптурни дела, кои можат да се разделат на:

– меморијални /споменици и бисти и
– декоративни /фигури за деца и др.

Најпретставителни дела во Македонија од меморијален карактер се реализирани по Втората светска војна во 1944 година.

Монументалнталните скулптури наменети за паркови средини ги имаат следните специфични карактеристики:

1. Присуство на меѓусебна врска помеѓу уметничко дело и паркот е основен принцип и се појавува секогаш како актуелен проблем;
2. Размерно усогласување на различните вајарски творби, помеѓу нив и врската со надворешната околина (дрва, грмушки, алеи и елементи на парковата архитектура);
3. Ориентација спрема изворите на светлина т.е. јасна форма независно од насоката и видот на осветлување (природно или вештачко);
4. Доволно голема дистанца за целосна перцепција на дадена творба или ансамбл од скулптури;
5. Различно (степенувано) делување на одделни творби, присуство на главни и второстепени делови, особено во група (ансамбл);
6. Присуството на создавање на скулптурална творба – фон, во зависност од фактот дали целта е масимално вклучена во парковата средина или надвор од делото за сметка на животната средина;
7. Локацијата спрема другите паркови творби и елементи, како што се дрвата, грмушките, тревните површини и објектите на парковата архитектура;

8. Размерот кој го имаат творбите на монументалната скулптура многу често е поголем од соодносот 1:1;
9. Избор на тема и создавање на форма (од природно набљудување до целосно апстрактно).

Една скулптурна творба е пред сè плод на својот автор. Но тој, сепак, е должен да работи со екипа од пејзажни архитекти и други специјалисти, со цел усогласување на мислењата, која ја засега врската помеѓу уметничко дело и животна средина.

Сите останати проблеми како размер, избор на тема и материјали, ориентација на скулпурното дело спрема светлината и други елементи на пејзажот се последица од споменатото досега. Од овде произлегува изводот дека не секое уметничко дело може да биде изложено во парк.

Меморијалниот комлекс во паркот е составен од два дела:
- заедничка гробница-крипта и
- спомен-урни.

Во првиот дел се наоѓа заедничката гробница – крипта (слика 6), позната како „Могила на непобедените", прогласена за споменик на културата во 1989 година. На мермерните плочи се врежани имињата на загинатите борци од Прилеп и Прилепско од 1941 до 1944 година, кои го положиле животот за ослободување на Македонија.

Во вториот дел т.е. пред криптата има осум мермерни урни (слика 7) (слични на античките) кои го симболизираат формирањето на партизанските одреди и поголемите воени формации, а најголемата урна со симбол на вечен пламен ја претставува непокорноста на македонскиот народ.

Во составен дел на паркот „Могила" е и „Алејата на народните херои" (слика 8), во која на мермерни постаменти се поставени бронзени бисти на десетте загинати народни херои од Прилеп: Кире Гаврилоски - Јане (1918-1944), Иле Игески - Цветан (1920-1944), Орде Чопела (1912-1942), Борка Талески (1921-1942), Кузман Јосифоски - Питу (1915-1944), Мирче Ацев (1915-1943), Борка Велески - Левата (1912-1942), Рампо Левката (1909-1942), Лазо Филипоски - Лавски (1918-1942), Круме Волнароски (1909-1944).

Основен белег и на трите групи од монументални дела е нивната сложена архитектонско-скулптурна композиција. Врската со животната средина е балансирана помеѓу теренот и архитектонските форми. Споменициите се импресивни во големина, но емоционално влијание не се совпаѓа целосно со нивниот волумен.

## Заклучок

Уметноста треба да навлезе широко во зелените површини на Р. Македонија. Декоративно-монументалните дела во парк Могила до голем степен ги исполнуваат принципите за правилно поставување на композицијата на паркот.

Пред сè треба да констатираме дека има заостанување од современи форми и приказни. Неопходно е да се прекине со досегашните ординирани претстави за парковата декорација.

Треба упорно да се бараат оргинални решенија кои би ја надополниле содржината на паркот, затоа што парковите се најчесто посетуваните места за одмор и рекреација. Врз основа на овие факти треба да влијаеме на естетското воспитување на луѓето.

## Литература

Архив на град Прилеп

Ковачев А., Зелената система на София. Урбанистични аспекти (историческо развитие, съвременно състояние, проблеми и тенденции, стратегия и прогнози). София-Москва, PENSOFT 2005

Кулелиев Й., Паркоустрояване на селища. София, 1992

Локален еколошки акционен план на град Прилеп

Робев Р., Глухаров И., Спървочник по озеленяване, т.1, 1970

www. prilep.gov.mk

## Прилози



***Слика 1*** - Прилеп – Македонија
***Figure 1*** - Prilep – Macedonia



***Слика 2*** - Парк „Могила"
***Figure 2*** - Park Mogila



***Слика 3*** – Трим-патека во парк „Могила"
***Figure 3*** - Trim trail in the park Mogila



***Слика 4*** - Водна површина
***Figure 4*** - Water surface



***Слика 5*** -
Дел од зоната за пасивен одмор
***Figure 5*** -
Part of the area for passive recreation



***Слика 6*** – Криптата - заедничката гробница
***Figure 6*** - Crypt



***Слика 7*** - Поглед кон четирите урни
***Figure 7*** - Four urns



***Слика 8*** - Алејата на народните херои
***Figure 8*** - Alley heroes